**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2019 година (арх. бр. 285078/1 од 26.05.2020 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 30.06.2020 година, ја донесе следната

# Предлог Одлука

## за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2019 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" во износ од 1.660.484.244,00 денари (една милијарда шестотини шеесет милиони четиристотини осумдесет и четири иљади и двесте четириесет и четири денари) на следнив начин:

1. Дел за исплата на бруто дивиденда во износ од 1.328.387.395,00 денари (една милијарда триста дваесет и осум милиони триста осумдесет и седум иљади и триста деведесет и пет денари), во кој износ се вклучени сите даноци, доколку е применливо, и кои ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата
2. Дел за задржана добивка за инвестиции во квалификувани материјални и нематеријални средства во износ од 332.096.849,00 денари (триста триесет и два милиони деведесет и шест иљади и осумстотини четириесет и девет денари).

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**